# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 4 Год. X1X 22 март 2016 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: вонредна седница

**Совет на општина Василево**


1. **ЗАКЛУЧОК** за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2015 година на Управниот одбор на ЈП “Турија” Василево......02

2. **ЗАКЛУЧОК** за давање согласност на Извештајот за работа и годишната сметка на ЈП “Турија” Василево......02

3. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Завршната сметка на ЈОУД “Прва Радост” Василево за 2015 година......03

4. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Завршната сметка на на ООУ “Гоце Делчев” Василево за 2015 г ......03

5. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Завршната сметка на на ООУ “Атанас Нивичански” Нова Маала за 2015 г ......04

6. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2015 година......04

7. **ПРОГРАМА** за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2016 година......06

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2015 година на Управниот одбор на ЈП "Турија" Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 15.03.2016 година

Бр.09–614/2 Општина Василево
16.03.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02), член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Р.М." бр 38/96) и член 21 точка 29 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр. 04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2015 година на Управниот одбор на ЈП "Турија" Василево

1.Советот на општина Василево дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД ,,Турија" Василево за покривање на загубата остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2015 година бр. 02-181/1 од 29.02.2016 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во "Службени гласник на Општина Василево".

Бр.08-614/1 Совет на општина Василево
16.03.2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за давање согласност на Извештајот за работа и годишната сметка на ЈП "Турија" Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 15.03.2016 година

Бр.09–615/2 Општина Василево
16.03.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02), член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Р.М." бр 38/96) и член 21 точка 29 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр. 04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата седница донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за давање согласност на Извештајот за работа и годишната сметка на ЈП "Турија" Василево

1. Советот на општина Василево дава согласност на Извештајот за работа и годишната сметка на ЈП Турија Василео за 2015 бр. 02-180/1 од 29.02.2016 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во "Службени гласник на Општина Василево".

Бр.08-615/1 Совет на општина Василево
16.03.2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈОУДГ„Прва Радост„ Василево за 2015 година, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 15.03.2016 година

Бр.09–616/2 Општина Василево
16.03.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02) и член 22 точка 29 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр. 04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Завршната сметка на ЈОУДГ„Прва Радост„ Василево за 2015 година

1.Се усвојува Завршната сметка бр. 05-90/1 од 08.03.2016 година на ЈОУДГ„Прва Радост„ Василево за 2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во "Службени гласник на Општина Василево".

Бр.08-616/1 Совет на општина Василево
16.03.2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ОУ "Гоце Делчев" Василево за 2015 година, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 15.03.2016 година

Бр.09–617/2 Општина Василево
16.03.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02), член 126 точка 1 алинеја 6 од Законот за основно образование (сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,18/11,51/11,6/12,100/12) и член 22 точка 29 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр. 04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Завршната сметка на ОУ "Гоце Делчев" Василево за 2015 година

1. Се усвојува Завршната сметка бр. 02-75/1 од 12.03.2015 година на ООУ "Гоце Делчев" Василево за 2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во "Службени гласник на Општина Василево".

Бр.08-617/1 Совет на општина Василево
16.03.2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ОУ "Атанас Нивичански" Нова Маала за 2015 година, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 15.03.2016 година

Бр.09–618/2 Општина Василево
16.03.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02), член 126 точка 1 алинеја 6 од Законот за основно образование (сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,18/11,51/11,6/12,100/12) и член 22 точка 29 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр. 04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Завршната сметка на ОУ "Атанас Нивичански" Нова Маала за 2015 година

1. Се усвојува Завршната сметка бр. 03-57/1 од 10.03.2016 година на ООУ "Атанас Нивичански" Нова Маала за 2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во "Службени гласник на Општина Василево".

Бр.08-618/1 Совет на општина Василево
16.03.2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2015 година, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 14.03.2016 година

Бр.09–619/2 Општина Василево
16.03.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02), член 21 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 15.03.2016 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2015 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2015 година.

2. Составен дел на овој заклучок е Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2015 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во "Службени гласник на Општина Василево".

Бр.08-619/1 Совет на општина Василево
16.03.2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.

**ИЗВЕШТАЈ**

ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ВАСИЛЕВО ЗА 2015 ГОДИНА

Реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во текот на 2015 година се одвиваше во повеќе фази.

Потребните финансиски средства за реализација на истата беа обезбедени од повеќе извори и тоа од:

- Агенцијата за државни патишта на РМ износ од....................................2.274.222 денари
- Буџетот на општина Василево износ од .................................................. 3.002.778 денари
- АФПРЗ на РМ средства во износ од ...................................................5.207.000 денари

Вкупно: 10.484.000 денари

За реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во текот на 2015 година беа распишани тендери.

1. Реализирана е изградбата (асфалтирање) на локална улица во населено место Дукатино до манастирски комплекс во должина од 460 метри, со фирмата Џови Компани ДТПУ с. Мокрино, финансиран од Агенцијата за финансиска подршка и рурален развој, во износ од 3.400.000 денари и 600.000 денари од буџетот на општина Василево, или вкупен износ на средства 4.000.000 денари.

2. Реализирана е изградбата (асфалтирање) на локална улица во населено место Ради;ево во должина од 215 метри, со фирмата Џови Компани ДТПУ с. Мокрино, финансиран од буџетот на општина Василево во вкупен износ од 900.000 денари.

3. Реализирана е изградбата (асфалтирање) на локална улица во населено место Доброшинци во должина од 110 метри, со фирмата Карпош - Скоппје, финансиран од Агенцијата за финансиска подршка и рурален развој, во износ од 537.000 денари и 97.000 денари од буџетот на општина Василево, или вкупен износ на средства 634.000 денари.

4. Реализирана е изградбата (асфалтирање) на локална улица во населено место Градошорци, индустриска зона улица 4 во должина од 260 метри, со фирмата Жикол ДООЕЛ Струмица,, финансиран од буџетот на општина Василево во вкупен износ од 1.600.000 денари.

5. Реализирана е изградбата (асфалтирање) на локална улица во населено место Градошорци индустриска зона улица 10 во должина од 190 метри, со фирмата Жикол ДООЕЛ Струмица, финансиран од буџетот на општина Василево во вкупен износ од 1.400.000 денари.

6. Реализирана е изградбата (асфалтирање) на мост и локална улица во населено место Нова Маала во должина од 240 метри, со фирмата Жикол ДООЕЛ Струмица, финансиран од Агенцијата за финансиска подршка и рурален развој, во износ од 1.270.000 денари и 280.000 денари од буџетот на општина Василево, или вкупен износ на средства 1.550.000 денари.

7. Реализирана е програмата за Зимското одржување на патишта и улици во општина Василево во вкупен износ од 400.000 денари со ЈП Турија Василево.

Од погоре наведеното межеме да заклучиме дека средствата добиени од Агенцијата за државни патишта во износ од 2.274.222 денари се реализирани во целост согласно нивната намена.

Други работи предвидени во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во текот на 2015 година не се реализирани, бидејки не успеавме да обезбедиме доволно финансиски средста од Буџетот на општината и од други донатори.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2016 година што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 15.03.2016 година

Бр.09–620/2 Општина Василево
16.03.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ˝ бр.199/2014, бр.44/2015), член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2016 година

Член 1

Во точка 2 . Планирани активности се додаваат две нови потточки 1.14 , 1.15 кои гласат :

1.14 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1692/2, КП бр.1691, КП бр.1709/2 КО Градошорци ВОН Г.Р. .

1.15 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.2/1 КО Доброшинци ВОН Г.Р.

Член 2

Во точка 3 Финансирање по бројките 1.13 се додаваат нови бројки 1.14 и 1.15 и гласи

Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2: 1.3;, 1.4; 1.7,1.10 и 1.12 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево.Средствата за активностите предвидени во точка 1.5; 1.6: 1.8, 1.9, 1.11,1.13, 1.14 и 1.15 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2016 година и истите ќе се обезбедат од физички лица.

Бр.08-620/1 Совет на општина Василево
16.03.2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.